Врз основа на член 145 став (6) од Законот за заштита на природата (Службен весник на Република Македонија број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16,113/18), Националниот совет за заштита на природата на седницата одржана на 20.04. 2021 година, донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR
DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. М-2265/2
22.04.2021 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ДЕЛОВНИК
# ЗА РАБОТА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА

**Член 1**

Со овој Деловник се уредуваат правата и должностите на членовите на Националниот совет за заштита на природата (во понатамошн текст: Совет) и начинот на неговата работа.

**Член 2**

(1) Седница на Советот свикува претседателот на Советот по потреба.

(2) Иницијатива за свикување седница на Советот може да покрене секој член на Советот со писмена поддршка од мнозинство од членови на Советот доставена до претседателот на Советот.

(3) Иницијативата за свикување на седница на Советот се покренува писмено или електронски.

(4) Седниците се свикуваат со покана со предлог дневен ред и работен материјал најмалку 5 дена пред одржувањето на седницата.

(5) Во исклучителни случаи, седницата на Совет може да се состане во покус рок од предвидениот и усно без покана.

(6) Седниците на Советот за природа се свикуваат најмалку на два месеци.

(7) Дневниот ред за седницата го предлага претседателот, а го прифаќаат членовите на Советот на самата седница.

(8) Секој член на Советот може да предложи измени и дополнувања на дневниот ред со образложение и истиот да биде прифатен од мнозинство од членовите.

(9) Седниците се одржуваат со физичко присуство, а по потреба можат да се спроведат и електронски.

**Член 3**

Административните работи на Советот ги врши Министерство за животна средина и просторно планирање - Сектор за природа.

**Член 4**

(1) Членот на советот кој не може да присуствува на седницата го известува претседателот на Советот најмалку 12 часа пред одржувањето на седницата.

(2) Во случај од став (1) од овој член доколку не може да се обезбеди мнозинство на членови, претседателот на Советот е должен да го презакаже

одржувањето на седницата за прв нареден можен термин на кој ќе можат да присуствуваат мнозинството од членови на Советот

**Член 5**

(1) Од седниците на Советот како и за донесените мислења и заклучоци се води записник.
(2) Советот донесува мислење и заклучоци со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Советот.
(3) Во записникот се внесуваат времето и местото на одржување на седницата, имињата на пристуните членови на Советот, донесените мислења и заклучоци и други работи кои се значајни за седницата.
(4) Секој член на Советот има право да бара во записникот да се внесе неговото мислење.
(5) Мислењета донесени од седницата го потпишуваат претседателот и сите членови на Советот.
(6) Записникот се усвојува на секоја наредна сединица на Советот и го потпишуваат сите членови на Советот.

**Член 6**

Измени и дополнувања на овој Деловник се вршат во постапка иста како постапката за негово донесување.

**Член 7**

Овој Деловник стапува во сила со денот на негово донесувањето.

Бр.______________

______.2021 година

Претседател на националниот
совет за заштита на природата

Министер за животна средина
и просторно планирање

NASER NUREDINI